Службен весник на Република Македонија

Број 217 **16 декември 2016, петок** **година LXXII**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
4788.	**Објава** од Министерството за финансии	**2**
4789.	**Одлука** за издавање комплет ковани пари за колекционерски цели	**2**
4790.	**Одлука** за пуштање во оптек комплет ковани пари за колекционерски цели	**3**
4791.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за надоместоците и висината на трошоците што се плаќаат во постапките што се водат согласно Законот за лековите и медицинските средства	**3**
4792.	**Решение** за изменување и дополнување на Решението за забрана на увоз и транзит на говедско месо и месо од диви преживари, производи и преработки од говедско месо и месо од диви преживари, млеко и производи од млеко од говеда, како и нуспроизводи од говеда и диви преживари во Република Македонија од Република Косово	**4**
4793.	**Правилник** за начинот и правилата на летање со крила за слободно летање	**11**
4794.	**Правилник** за градба, утврдување на пловидбеност и одржување на крилата за слободно летање	**15**
4795.	**Објава** за стапката на трошоците за живот и платите за месец ноември 2016 година	**24**
	Огласен дел	**1-40**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

4788.

Врз основа на член 11 став 2 од Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/10, 135/11, 166/12, 187/13, 13/14, 116/15, 129/15, 199/15 и 23/16), министерот за финансии

О Б Ј А В У В А

1. Личното ослободување утврдено во член 10 став 1 точка 2) од Законот за персоналниот данок на доход, за 2017 година на годишно ниво, изнесува 89.472,00 денари.

2. Личното ослободување по основ на лични примања од плата од работен однос и пензија, месечно се утврдува во износ од 7.456,00 денари, согласно со член 15-а став 2 од Законот за персоналниот данок на доход.

Бр. 20-8090/2
14 декември 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Кирил Миноски**, с.р.

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4789.

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16), точка 5, а во врска со точка 13 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗДАВАЊЕ КОМПЛЕТ КОВАНИ ПАРИ ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат количината, формата, содржината и продажната цена за територијата на Република Македонија на комплетот ковани пари за колекционерски цели „Триптих“.

2. Со оваа одлука се одобрува издавање 5000 (петилјади) парчиња од комплетот ковани пари за колекционерски цели „Триптих“.

Комплетот ковани пари за колекционерски цели „Триптих“ го сочинуваат следниве ковани пари за колекционерски цели: „Исус Христос“, „Богородица“ и „св. Никола Чудотворец“.

3. Кованата пара за колекционерски цели „Исус Христос“ е изработена од сребро Ag 925, со тежина на среброто од 10,0 г, чистота на среброто од 9,25 г и во форма на правоаголник со димензии 30 x 22 мм.

Кованата пара за колекционерски цели „Исус Христос“ ја има следнава содржина (апоен, ознака, белези):

- на аверсот, во централниот дел од монетата е прикажан грбот на Република Македонија и натписите: „10 денари“ и „Република Македонија“ (на македонски јазик), како и годината на издавање „2017 година“. Околу грбот е прикажан украс по должината на периметарот.

- на реверсот, во централниот дел од монетата е прикажан портретот на Исус Христос. Централната слика е претставена врз основа со украс. Над портретот е прикажано името на Исус Христос, како што традиционално се користи во иконописот.

4. Кованата пара за колекционерски цели „Богородица“ е изработена од сребро Ag 925, со тежина на среброто од 7,0 г, чистота на среброто од 6,48 г и во форма на правоаголник со димензии 30 x 15 мм.

Кованата пара за колекционерски цели „Богородица“ ја има следнава содржина (апоен, ознака, белези):

- на аверсот, во централниот дел од монетата е прикажан грбот на Република Македонија и натписите: „10 денари“ и „Република Македонија“ (на македонски јазик), како и годината на издавање „2017 година“. Околу грбот е прикажан украс по должината на периметарот.

- на реверсот, во централниот дел од монетата е прикажан портретот на Богородица. Централната слика е претставена врз основа со украс. Над портретот е прикажано името на Богородица, како што традиционално се користи во иконописот.

5. Кованата пара за колекционерски цели „св. Никола Чудотворец“ е изработена од сребро Ag 925, со тежина на среброто од 7,0 г, чистота на среброто од 6,48 г и во форма на правоаголник со димензии 30 x 15 мм.

Кованата пара за колекционерски цели „св. Никола Чудотворец“ ја има следнава содржина (апоен, ознака, белези):

- на аверсот, во централниот дел од монетата е прикажан грбот на Република Македонија и натписите: „10 денари“ и „Република Македонија“ (на македонски јазик), како и годината на издавање „2017 година“. Околу грбот е прикажан украс по должината на периметарот.

- на реверсот, во централниот дел од монетата е прикажан портретот на св. Никола Чудотворец. Централната слика е претставена врз основа со украс. Над портретот е прикажано името на св. Никола Чудотворец, како што традиционално се користи во иконописот.

6. Продажната цена по која Народната банка го продава комплетот ковани пари за колекционерски цели на територијата на Република Македонија претставува збир од вкупните трошоци за кованьето (цената на металот, производството и пакувањето), промоцијата, продажбата, дистрибуцијата и провизијата.

7. Гувернерот на Народната банка одлучува за количината на комплетот ковани пари за колекционерски цели којшто ќе се продава и ќе се дистрибуира надвор од територијата на Република Македонија и на територијата на Република Македонија.

8. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О бр. 02-15/XIV-9/2016
15 декември 2016 година
Скопје

Гувернер и претседавач
на Советот на Народната банка
на Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

4790.

Врз основа на член 47 став 1 точка 23 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 5 од Одлуката за начинот, постапката за издавање, формата, содржината и располагањето со кованите пари за колекционерски цели („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК КОМПЛЕТ КОВАНИ ПАРИ ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

1. Со оваа одлука се пушта во оптек комплетот ковани пари за колекционерски цели „Триптих“, со белезите утврдени во Одлуката за издавање кована пара за колекционерски цели О бр.02-15/XIV-9/2016 од 15 декември 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 217/16).

2. Комплетот ковани пари за колекционерски цели од точка 1 на оваа одлука се пушта во оптек на денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О бр. 02-15/XIV-10/2016
15 декември 2016 година
Скопје

Гувернер и претседавач
на Советот на Народната банка
на Република Македонија,
Димитар Богов, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА

4791.

Врз основа на членовите 13 ставови 8 и 9, 33 ставови 1 и 2, 37 став 6, 42, 43 став 2, 45 став 2, 47 став 2, 50 став 3, 60 став 3, 71 став 4, 78 став 4, 80 став 5, 94 став 2, 103, 121 став 2, 123 став 6, 129 став 4, 130 став 9, 131 став 2, 137 и 139 став 4 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија" бр. 106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15, 7/16 и 53/16), директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТАПКИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЛЕКОВИТЕ И МЕДИЦИНСКИТЕ СРЕДСТВА

Член 1

Во Правилникот за надоместоците и висината на трошоците што се плаќаат во постапките што се водат согласно Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/15) во член 12 точката 6 се брише.

Член 2

Во член 13 по алинејата 8 се додаваат четири нови алинеи 9, 10, 11 и 12, кои гласат:

„ - надоместок за процена на стручното мислење за квалитетот на една фармацевтска форма и јачина на лекот и/или на фармацевтско-хемиско и биолошкиот дел на документацијата надвор од постапките на добивање на одобрение за ставање на лек во промет, обнова и промена на одобрението - 100 евра во денарска противвредност, а за секоја следна јачина на истата фармацевтската форма - 70 евра во денарска противвредност,

- надоместок за процена на стручното мислење за претклиничката документација или испитувања и/или на претклиничкиот (фармаколошко-токсиколошки) дел на документцијата надвор од постапките на добивање на одобрение за ставање на лек во промет, обнова и промена на одобрението - 100 евра во денарска противвредност,

- надоместок за процена на стручното мислење за клиничката документација или испитувања и/или на клиничкиот дел на документцијата надвор од постапките на добивање на одобрение за ставање на лек во промет, обнова и промена на одобрението - 100 евра во денарска противвредност,

- надоместок за процена на документација за информација за здравствени работници за дополнителни мерки на претпазливост за лекови и медицински средства – 50 евра во денарска противвредност.“

Член 3

Во член 14 по точката 8 се додава нова точка 9, која гласи:

„9. Надоместок за издавање на извештај за пријава на несакани дејства на лекот и медицинското средство согласно базата на податоци на Агенцијата за лекови и медицински средства - 50 евра во денарска противвредност.“

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.02-12264/3
13 декември 2016 година
Скопје

Директор,
д-р.сци.спец. **Марија Дарковска-Серафимовска**, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

4792.

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ГОВЕДСКО МЕСО И МЕСО ОД ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, ПРОИЗВОДИ И ПРЕРАБОТКИ ОД ГОВЕДСКО МЕСО И МЕСО ОД ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, МЛЕКО И ПРОИЗВОДИ ОД МЛЕКО ОД ГОВЕДА, КАКО И НУСПРОИЗВОДИ ОД ГОВЕДА И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕПУБЛИКА КОСОВО

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на говедско месо и месо од диви преживари, производи и преработки од говедско месо и месо од диви преживари, млеко и производи од млеко од говеда, како и нуспроизводи од говеда и диви преживари во Република Македонија од Република Косово („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/16 и 164/16), во членот 1-а по зборот „Прилог“ се додава бројот “1“.

Прилогот се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на ова решение.

Член 2

По членот 1-а се додава нов член 1-б кој гласи:

„Член 1-б

По исклучок на член 1 од ова решение, се дозволува увоз и транзит на пратки со свежо говедско месо и месо од диви преживари, производи и преработки од говедско месо и месо од диви преживари од регионите наведени во член 1 став 2 од ова решение, доколку се пропратени со соодветен ветеринарно-здравствен сертификат даден во Прилог 7 од Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло(*1) и изјава за дополнителна гаранција во однос на болеста на чвореста кожа која е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на ова решение.“.

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02 – 5616/1
12 декември 2016 година
Скопје

Директор
на Агенцијата за храна
и ветеринарство,
м-р **Зоран Поповски**, с.р.

Прилог 1

НТС-млеко

ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВЕН СЕРТИФИКАТ

Health Certificate

За производи од млеко за човечка исхрана од трети земји и делови од трети земји наведени во Прилог 6 Дел 7 колона С од Правилникот, или еквивалентната колона С од Прилог 1 од Регулативата (ЕУ) Бр 605/2010 наменети за увоз во Република Македонија*

For dairy products for human consumption from third countries or parts thereof listed in Annex 6 Part 7 column C of Book of rules, or equivalent column C of Annex I to Regulation (EU) No 605/2010 intended for importation into the Republic of Macedonia*

Земја/Country
Македонија

Ветеринарно Здравствен Сертификат за Република Македонија
/Veterinary Certificate to Republic of Macedonia

Дел I: Детали за испратената пратка
Part I: Details of dispatched consignment

I.1. Испраќач /Consignor Име /Name Адреса /Address Тел. /Tel.		I.2. Референтен број на сертификатот /Certificate reference number	I.2.a
		I.3. Централен Надлежен Орган /Central Competent Authority	
		I.4. Локален Надлежен Орган /Local Competent Authority	
I.5. Примач /Consignee Име /Name Адреса /Address Поштенски број /Postal code Тел. /Tel.		I.6.	
I.7. Земја на потекло /Country of origin	ИСО код /ISO code	I.8. Подрачје на потекло /Region of origin	Код /Code
I.9. Земја на дестинација /Country of destination	ИСО код /ISO code	I.10. Подрачје на дестинација /Region of destination	Код /Code
I.11. Место на потекло /Place of origin Име /Name Адреса /Address	Број на одобрение /Approval number	I.12.	
I.13. Место на натовар /Place of loading		I.14. Дата на поаѓање /Date of departure	
I.15. Средства за транспорт /Means of transport Авион /Aeroplane ☐ Брод /Ship ☐ Железнички вагон /Railway wagon ☐ Средство за патен сообраќај /Road vehicle ☐ Other /Друго ☐ Идентификација /Identification Документ на кој се повикува /Documentary references		I.16. Влезен ВИМ на ГП во РМ /Entry BIP in RM I.17.	
I.18. Опис на стоката /Description of commodity		I.19. Код на стоката (ХС код) /Commodity code (HS code)	
		I.20. Количество /Quanity	
I.21. Температура на производот /Temperature of the product	Собна /Ambient ☐ Разладено /Chilled ☐ Смрзнато /Frozen ☐	I.22. Број на пакувања /Number of packages	
I.23. Идентификација на контејнерот/Број на пломба /Identification of container/Seal number		I.24. Вид на пакување /Type of packaging	
I.25. Пратките се наменети за: /Commodities certified for:	Исхрана на луѓе /Human consumption ☐		

I.26.	I.27.За увоз или влез во РМ /For import or admission into RM ☐

I.28. Идентификација на стоките /Identification of the commodities

Преработувачки објект /Manufacturing plant	Број на пакувања /Number of packages	Видови (Научно име) /Species (Scientific name)	Нето тежина /Net weight	Сериски број /Batch number

Земја/Country

Модел млеко-НТС/ Model milk – HTC
производи од млеко за човечка исхрана од трети земји и наведени во колона С
/dairy products from third countries authorized in column C

Дел II: Сертификација
Part II: Certification

II. Информации за здравствената состојба /Health information

II.a. Референтен број на сертификатот /Certificate reference number

II.b.

II.1 Потврда за здравствена состојба на животните / Animal health attestation

Јас, долу потпишаниот официјален ветеринар,изјавувам дека сум запознат со релевантните услови пропишани со соодветните национални прописи од областа на ветеринарното здравство односно во еквивалентните Директива 2002/99/ЕЗ и Регулатива (ЕЗ) Бр 853/2004 и потврдувам дека производот од млеко наведен предходно:
/I, the undersigned official veterinarian, declare that I am aware of the relevant provisions in national veterinary legislation or Directive 2002/99/EC and of Regulation (EC) No 853/2004 and hereby certify that the dairy product described above:

(a) е добиен од животни:
/has been obtained from animals:

(i) кои се под контрола на надлежната ветеринарна служба,
/under the control of the official veterinary service,

(ii) припаѓаат на одгледувалишта кои не се под забрана заради Лигавка и шап или Чума кај говеда, и
/belonging to holdings which were not under restrictions due to foot-and-mouth disease or rinderpest, and

(iii) се субјект на редовна ветеринарна инспекциска контрола со која се утврдува исполнетоста на условите за здравствена заштита на животните наведени во Законот за ветеринарно здравство односно еквивалентното Поглавје I од Глава IX од Анекс III од Регулативата (ЕЗ) 853/2004 и во Директивата 2002/99/ЕЗ;
/subject to regular veterinary inspections to ensure that they satisfy the animal health conditions laid down in Law on veterinary health and/or equivalent Chapter I of Section IX of Annex III of Regulation (EC) 853/2004 and in Directive2002/99/EC;

(1) *или* /*either* [(b) производот од млеко е добиен од сирово млеко од крави, овци, кози, биволи или доколку е одобрено во согласност со националните прописи од областа на ветеринарното здравство односно еквивалентниот Анекс I од Регулативата (ЕК) бр. 605/2010, од камили од видот *Camelus dromedarius* и пред увозот во Република Македонија бил подложен на:
/the dairy product was made from raw milk sourced from cows, ewes, goats, buffaloes or, where authorized in accordance with provisions in national veterinary legislation or equivalent of Annex I to Regulation (EC) No 605/2010, from –camels of the species *Camelus dromedarius*, and has undergone prior to import into the territory of the Republic of Macedonia:

(1) *или* /*either* [(i) стерилизација со кој се постигнува вредност на F_0 еднаква или поголема од три;]
/a sterilization process, to achieve an Fo value equal to or greater than three;]

(1) *или* /*or* [(ii) третман на ултра висока температура (UHT) на 132° C во времетраење од најмалку 1 секунда;]
an ultra high temperature (UHT) treatment at 132 °C for at least one second;]

(1) *или* /*or* [(iii) третман на краткотрајна пастеризација на висока температура (HTST) од 72° C во времетраење од најмалку 15 секунди применет двократно на млеко со pH еднаква или над 7,0 со која се постигнува негативна реакција на тестот на алкална фосфатаза изведен веднаш после процесот на загревање;]/a high temperature short time pasteurization treatment (HTST) at 72 °C for at least 15 seconds applied twice to milk with a pH equal to or above 7,0 achieving where applicable a negative reaction to a alkaline phosphatase test applied immediately after the heat treatment;]

(1) *или* /*or* [(iv) HTST третман со pH под 7,0;]
/a HTST treatment with a pH below 7,0;]

(1) *или* /*or* [(v) HTSH третман со дополнителен физички третман
/a HTST treatment combined with another physical treatment by

(1) *или* /*either* [(v) (1) или намалување на pH под 6 за еден час;]
/either lowering the pH below 6 for one hour;]

(1) *или* /*or* [(v) (2) на загревање на температура од 72° C или повеќе во комбинација со сушење;]]
/additional heating to 72 °C or more, combined with desiccation;]]

"Млеко или производи од млеко кои се во согласност со одредени заштитни мерки во однос на појавата на болеста на чвореста кожа во Република Косово"
"Milk or dairy products complying with certain protective measures against lumpy skin disease in Republic of Kosovo"

II.2 **Здравствена потврда**
/Public Health attestation

Јас, долу потпишаниот официјален ветеринар,изјавувам дека сум запознат со релевантните услови пропишани во соодветните национални прописи од областа на ветеринарното здравство односно во еквивалентните прописи Регулативата (ЕЗ) Бр 178/2002, (ЕЗ) Бр 852/2004, (ЕЗ) Бр 853/2004 и (ЕЗ) Бр 854/2004 и потврдувам дека производот од млеко наведен предходно е добиен согласно овие услови, односно дека:
/I, the undersigned official inspector, declare that I am aware of the relevant provisions in national veterinary legislation or Regulation (EC) No 178/2002, (EC) No 852/2004, (EC) No 853/2004 and (EC) No 854/2004 and hereby certify that the dairy products made with raw milk described above was produced in accordance whit those provisions, in particular that:

a) е произведено од сирово млеко:
/it was manufactured from raw milk:

(i) кое доаѓа од одгледувалишта регистрирани во согласност со Законот за безбедност на храната односно еквивалентната Регулатива (ЕЗ) Бр 852/2004 и контролирани во согласност со Законот за безбедност на храната односно еквивалентниот Анекс IV од Регулатива (ЕЗ) Бр 854/2004;
/which comes from holdings registered in accordance with the Law on food safety and/or equivalent Regulation (EC) No 852/2004 and checked in accordance with the Law on food safety and/or equivalent Annex IV to Regulation (EC) No 854/2004;

(ii) кое е добиено, собрано, изладено, складирано и транспортирано согласно хигиенските услови наведени во Законот за безбедност на храната односно еквивалентното Поглавје I од Глава IX од Анекс III од Регулативата (ЕЗ) Бр 853/2004;
/ which was produced, collected, cooled, stored and transported in accordance with the hygiene conditions laid down in Law on food safety and/or equivalent Chapter I of Section IX of Annex III to Regulation (EC) No 853/2004;

(iii) ги исполнува критериумите за број на микроорганизми и соматски клетки наведени во Законот за безбедност на храната односно еквивалентното Поглавје I од Глава IX од Анекс III од Регулативата (ЕЗ) Бр 853/2004;
/which meets the plate and somatic cell count criteria laid down in Law on food safety and/or equivalent Chapter I of Section IX of Annex III of Regulation(EC) No 853/2004;

(iv) исполнети се гаранциите за статусот на резидуи на суровото млеко согласно мониторинг плановите за детекција на резидуи или субстанци во согласност со соодветните национални прописи од областа на ветеринарното здравство односно еквивалентните прописи Директивата 96/23/ЕЗ, и посебно член 29 од истата,
/which complies with the guarantees on the residues status of raw milk provided by the monitoring plans for detection of residues or substances submitted in accordance with national veterinary legislation or Council Directive 96/23/EC, and in particular Article 29 thereof

(v) согласно тестирањата за резидуи на антибактериски лекови, спроведени од бизнис операторот со храна, во согласност со условите од Прилог III, Секција IX, Глава I, Дел III, точка 4 од Регулативата (ЕЗ) 853/2004, не ги надминува максималните граници на резидуи од антибактериски ветеринарно медицински производи утврдени во Прилогот на Регулативата (ЕУ) Бр 37/2010,
/which pursuant to testing for residues of antibacterial drugs carried out by the food business operator in accordance with the requirements of Annex III, Section IX, Chapter I, Part III, point 4 of Regulation (EC) No 853/2004, it complies with the maximum residue limits for residues of antibacterial veterinary medicinal products laid down in the Annex to Regulation (EU) No 37/2010

(vi) произведено е под услови кои гарантираат усогласеност со максималните нивоа на резидуи на пестициди утврдени во Законот за безбедност на храната, односно еквивалентните Регулатива (ЕЗ) Бр 396/2005, и максималните нивоа на контаминанти утврдени со Регулативата (ЕЗ) Бр 1881/2006.
/which has been produced under conditions guaranteeing compliance with the maximum residue levels for pesticides laid down in Law on food safety and/or equivalent Regulation (EC) No 396/2005, and maximum levels for contaminants laid down in Regulation (EC) No 1881/2006.

b) доаѓа од објект кој има имплементирано програма базирана на (HACCP) принципите во согласност со Законот за безбедност на храната односно еквивалентната Регулатива (ЕЗ) Бр 852/2004;
/it comes from establishment implementing a programme based on the HACCP principles in accordance with Law on food safety and/or equivalent Regulation (EC) No 852/2004;

c) добиено е, складирано, завитканио, запакувано и транспортирано во согласност со соодветните хигиенски услови пропишани со Законот за безбедност на храната односно еквивалентите Анекс II од Регулативата (ЕЗ) Бр 852/2004 и Поглавје II од Глава IX од Анекс III на Регулативата (ЕЗ) Бр 853/2004,
/it has been processed, stored, wrapped, packaged and transported in accordance with relevant hygienic conditions laid down in the Law on food safety and/or equivalent Annex II to Regulation (EC) No 852/2004 and Chapter II of Section IX of Annex III to Regulation (EC) No 853/2004,

d) ги исполнува важечките критериуми утврдени во Законот за безбедност на храната односно еквивалентното Поглавје II од Глава IX од Анекс III од Регулативата (ЕЗ) Бр 853/2004 и соодветните микробиолошки критериуми пропишани во Законот за безбедност на храната односно еквивалентата Регулатива (ЕЗ) Бр 2073/2005 за микробиолошките критериуми за прехрамбените производи, и
/it meets the relevant criteria laid down in Law on food safety and/or equivalent Chapter II of Section IX of Annex III of Regulation (EC) No 853/2004 and the relevant criteria laid down in Law on food safety and/or equivalent Regulation (EC) No 2073/2005 or microbiological criteria for foodstuffs, and

e) гаранциите за живите животни и нивните производи од плановите за резидуи доставени во согласност со соодветните национални прописи од областа на ветеринарното здравство односно во еквивалентните прописи од Директивата 96/23/ЕЗ , и посебно член 29 од истата, се исполнети.
/the guarantees covering live animals and products thereof provided by the residue plans submitted in accordance with the national legislation form the field of veterinary health and/or equivalent Directive 96/23/EC, and in particular Article 29 thereof, are fulfilled.

Забелешка:
/Notes:

Овој сертификат е наменет за млечни производи за човечка исхрана од трети земји и делови од трети земји, и доколку е соодветно само од млеко од одредени видови животни наведени во Прилог 6 Дел 7 колона С од Правилникот*, или еквивалентната колона С, Прилог 1 од Регулативата (ЕУ) Бр 605/2010 наменети за увоз во Република Македонија
This certificate is intended for dairy products for human consumption from third countries or parts thereof authorized, where applicable for milk from certain animal species only, in Annex 6 Part 7 column C of Book of rules*, and /or equivalent column C, Annex I to Regulation(EU) No 605/2010 intended for importation in to the Republic of Macedonia

Дел I
/Part I:

- Поле I.7 :
/Box references I.7: Одреди го името и ИСО кодот на земјата или делот од неа наведена во соодветните Прилог 6 Дел 7 од Правилникот*, или еквивалентната Прилог 1 од Регулативата (ЕУ) Бр 605/2010.
/Provide name and ISO code of the country or part thereof as appearing in the appropriate authorized in Annex 6 Part 7 of Book of rules*, or equivalent Annex I to Regulation (EU) No 605/2010.

- Поле I.11 :
/Box references I.11: Име, адреса и одобрен број на објектот на испорака.
/Name, address and approval number of the establishment of dispatch.

- Поле I.15 :
/Box references I.15: Број на регистрација на патничко транспортно средство,контејнер, железнички вагон, бројот на лет на леталото или име на бродот треба да бидат достапни. Во случај на транспорт со контејнери или кутии, вкупниот број, нивната регистрација и сериски број на пломба, доколку ги имаат, треба да бидат наведени во поле I.23.
Во случај на истовар или претовар испраќачот мора да го информира влезното гранично инспекциско место во Република Македонија
/Registration number (rail-wagon or container and road vehicle), flight number (aircraft) or name (ship) is to be provided. In case of transport in containers or boxes, the total number of containers, their registration number and where there is a serial numbers of the seal it must be indicated in box I.23.
In case of unloading and reloading, the consignor must inform the border inspection post of introduction into the Republic of Macedonia.

- Поле I.19 :
/Box references I.19: Користи го соодветниот хармонизиран систем (HS) на кодови на Светската Царинска Организација: 04.01; 04.02; 04.03; 04.04; 04.05; 04.06; 15.17; 17.02; 19.01; 21.05; 21.06; 22.02; 28.35; 35.01; 35.02 или 35.04.
/Use the appropriate Harmonized System (HS) code of the World Customs Organization: 04.01; 04.02; 04.03; 04.04; 04.05; 04.06; 15.17; 17.02; 19.01; 21.05; 21.06; 22.02; 28.35; 35.01; 35.02 or 35.04.

- Поле I.20 : /Box references I.20:	Назначи ја тоталната бруто тежина и тоталната нето тежина. /Indicate total gross weight and total net weight.
- Поле I.23 : /Box references I.23:	За контејнери или кутии, вкупниот број, нивната регистрација и број на пломба, доколку ги имаат, треба да бидат наведени. For containers or boxes, the total number, their registration and seal numbers, (if applicable), should be included.
- Поле I.28 : /Box references I.28:	Преработувачки капацитет: Прикажува одобрен број на преработувачкиот објект(тите),собирниот центар или центарот за стандардизација одобрен за извоз во Република Македонија. /Manufacturing plant: Introduce the approval number of the production holding(s), collection centre or standardization centre approved for exportation to the Republic of Macedonia.

Дел II
/Part II:
([1]) Заокружи доколку е потребно./Keep as appropriate.
Бојата на потписот треба да биде различна од бојата во која е испечатен образецот. Истите правила се применуваат и за печат освен за сув и воден печат.
/The color of the signature shall be different to that of the printing. The same rule applies to stamps other than those embossed or watermark.

Официјален ветеринар
/Official veterinarian

Име (со големи букви)
/Name (in capital letters)

Квалификација и звање
/Qualifications and title

Датум
/Date

печат
/ stamp

Потпис
/ Signature

* Правилник за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло / *Book of rules on the method and the procedure for import and transit, list of third countries from which the import and transit are permitted, the format and the content of the veterinary-health certificate or other documentation accompanying the consignment with live animals, aquaculture and products of animal origin, as well as the method and the procedure for carrying out controls and checks during import and transit of consignment with live animals, aquaculture and products of animal origin

Прилог 2

Изјава за дополнителна гаранција во однос на болест на чвореста кожа / Declaration on additional guarantee regarding Lumpy skin disease

Број на сертификатот / Certificate No.: _____

Јас, долупотпишаниот официјален ветеринар изјавувам дека свежото месо, подготовките од месо и производите од месо, добиени од тоа свежо месо, ги исполнуваат условите наведени подолу / I, the undersigned official veterinarian hereby declare that the fresh meat and meat preparations and meat products produced from such fresh meat, complying with the requirements set out below:

(1)I. Животните од видот говеда, од кои е добиено свежото месо, подготовките од месо и производите од месо, потекнуваат од одгледувалишта кои се наоѓаат надвор од зоните под забрана, и каде што: / The animals of bovine species from which fresh meat, meat preparation and meat products are derived, are originated from holdings situated outside of restrictive zones, and where:

1) не се вршела вакцинација, или/ vaccination was not carried out, or

2) на кои е извршена вакцинација и периодот од најмалку 7 дена после извршената вакцинација во стадото е изминат; / where vaccination was carried out and a waiting period of at least 7 days after vaccination after vaccination in the herd has elapsed;

(1)II. Животните од видот говеда, од кои е добиено свежото месо, подготовките од месо и производите од месо, потекнуваат од одгледувалишта лоцирани во зоните под забрана, за кои надлежниот орган на земјата извозник дозволил колење на друга територија надвор од оваа зона, доколку:
/ The animals of bovine species from which fresh meat, meat preparation and meat products are derived, and originated from holdings situated in the restricted zone, and the competent authority approved slaughtering on territory located in other parts of the country from, if:

1) животните престојувале од нивното раѓање, или во последните 28 дена на одгледувалиште на кое немало официјална пријава за болест на чвореста кожа во тој период;/ the animals were resident since birth, or for the past 28 days, on a holding where no case of lumpy skin disease was officially reported during that period;

2) животните биле клинички прегледани и термометрирани при натовар и не покажале клинички знаци на болест на чвореста кожа;/ the animals were clinically inspected at loading and did not present any clinical symptoms of lumpy skin disease;

3) животните се директно превезени за итно колење, без запирање или истовар за време на превозот; / the animals are transported for immediate slaughter directly, without stopping or unloading to the slaughterhouse;

4) животните кои се предмет на движење / the animals intended to be moved:

а) не се вакцинирани против болест на чвореста кожа и се чувани на одгледувалишта:
/ were not vaccinated against lumpy skin disease and have been kept on the holdings:

- на кои не се вршела вакцинација и кои се лоцирани надвор од заштитната зона и зоната под надзор, или / where vaccination was not carried out and are located outside protection and surveillance zones, or
- на кои е извршена вакцинација и кои се лоцирани надвор од заштитната зона и зоната под надзор, и периодот на каренца од најмалку седум дена по вакцинација на стадото е изминат, или/where vaccination was carried out and are located outside protection and surveillance zones, and the withdrawal period of at least 7 days after the vaccination of the herd has elapsed; or
- кои се лоцирани во зоната под надзор во период до 30 дена заради појава на нови случаи на болеста и каде движењето се врши на писмено барање од одгледувачот и под засилени био - сигурносни мерки; или/ which are situated in a surveillance zone beyond 30 days because of the occurrence of further cases of the disease and where the movement is carried out upon written request of the animal keeper and under enforced bio-security measures; or

б) се вакцинирани против болест на чвореста кожа најмалку 28 дена пред денот на движење и доаѓаат од одгледувалиште на кои сите приемчиви животни се вакцинирани најмалку 28 дена пред денот на предвиденото движење. / were vaccinated against lumpy skin disease at least 28 days prior to movement and come from a holding on which all susceptible animals had been vaccinated at least 28 days prior to the intended movement.

III. Свежото месо, подготовките од месо и производите од месо, добиени од животните опишани во точка II на овој Прилог, ги исполнуваат барањата пропишани во точките IV и V од овој Прилог. / Fresh meat, meat preparations and meat products obtained from the animals described in point II of this Annex which comply the requirements laid down in points IV и V of this Annex.

IV. Свежото месо, со исклучок на внатрешните органи освен црниот дроб и подготовки од месо од истите, потекнуваат од говеда кои: / Fresh meat, excluding offal other than liver, and meat preparations thereof, if they are obtained from bovine animals outside the restricted zone, which :

1) се чувани на одгледувалишта во зоните кои не се под забрана, или / were kept on holdings in the restricted zone that were not under restrictions; or

2) се заклани пред _____(2) година; или / were slaughtered before _____(2); or

3) ги исполнуваат условите од точка II на овој Прилог/ comply with the requirements of point II of this Annex.

V. Производите од месо добиени од свежо месо од говеда, произведени во зоните под забрана, ако се добиени од говеда кои : / Meat products, produced in the restricted zone from fresh meat of bovine animals, can be authorized if they are obtained from bovine animals, which:

1) се чувани на одгледувалишта во зоните под забрана, а кои не се под забрана или / are kept on holdings in the restricted zone which are not under restrictions; or
2) се заклани пред _____(2); или / are slaughtered before _____(2); or
3) ги исполнуваат условите од точка II на овој Прилог; или / comply with the requirements of point II of this Annex; or
4) се чувани и заклани надвор од зона под забрана. / are kept and slaughtered outside the restricted zone.

Официјален ветеринар
/Official veterinarian

Име (со големи букви)
/Name (in capital letters)

Квалификација и звање
/Qualifications and title

Датум
/Date

печат
/ stamp

Потпис
/Signature

Забелешки / Notes

(1) Прецртај соодветно/ Delete as appropriate
(2) Датум на појава на болеста во Република Косово/ Date of disease outbreak in the Republic of Kosovo

(*1) Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло - Прилог 7 е усогласен со Регулативата (ЕУ) бр. 206/2010 од 12 март 2010 година за листата на трети земји, територии или делови одобрени за внес во Европската Унија на одредени животни и свежо месо и условите за ветеринарно-здравствена сертификација (CELEX бр. 32010R0206); Одлуката 2007/777/ЕК од 29 ноември 2007 година со која се утврдуваат условите за здравјето на животните и јавното здравје и моделите на здравствени сертификати за увоз на одредени производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева за исхрана на луѓе од трети земји и со која престанува да важи Одлуката 2005/432/ЕК (CELEX бр. 32007D0777); Одлука на Комисијата бр. 2000/572/ЕК од 8 септември 2000 година за условите за здравјето на животните и јавното здравје и условите за ветеринарно- здравствена сертификација за увоз на преработки од месо во Заедницата од трети земји (CELEX бр. 32000D0572).

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4793.

Врз основа на член 44 став (7) од Законот за воздухопловството („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15,152/15, 27/16 и 31/16), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ И ПРАВИЛАТА НА ЛЕТАЊЕ СО КРИЛА ЗА СЛОБОДНО ЛЕТАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и правилата на летање со крила за слободно летање.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. "Крила за слободно летање (FAI Hang gliders (Vol Libre))" се воздухоплови од посебна категорија со едноставна конструкција, без мотор, со кои пилотот управува со помош на подвижни аеродинамични површини околу две до три оски, со промена на положбата на тежиштето и/или со команди на излезните краеви од крилата и/или со комбинација и за кои не се бара сообразност (освен за сериско производство). Крилата за слободно летање можат да бидат едноседи или двоседи и се делат на класа змејови без мотор и класа параглајдери.

2. "Услови без ветер" се услови на ветер помал од еден m/s.

3. "Вез" е систем за прикачување на леталото сертифициран според важечките меѓународни стандарди.

4. "Змеј (Делтаплан)" е крило кое има полукрута примарна структура, кое се управува со преместување на тежината на пилотот, може безбедно да полета и слета во услови без ветер само со силата и употребата на нозете на пилотот. Змејот може да има додатоци за управување што влијаат на штелувањето (trim) и/или отпорот на воздухот ако истите функционираат симетрично или сразмерно (FAI Класа 1).

5. "Тврдокрилец (Змеј кормилар)" е змеј што има крута примарна структура и се управува со помош на подвижните аеродинамички површини околу најмалку две оски, може (или не може) безбедно да полета и слета во услови без ветер само со силата и употребата на нозете на пилотот (FAI Класа 2).

6. "Параглајдер" е крило без крута конструкција кое се управува аеродимамички околу трите оски со команди поврзани со излезните краеви од крилата и поместување на телото лево, десно, напред и назад (FAI Класа 3).

7. "Ветерко" е крило што не може безбедно да полета и/или слета во услови без ветер, но кое полетува и слетува само со силата и употребата на нозете на пилотот (FAI Класа 4).

8. "Змеј со елерони (Елеронец)" е змеј што има крута примарна структура и подвижни аеродинамични површини како примарен метод за управување околу надолжната оска и безбедно полетува и слетува во услови без ветер само со силата и употребата на нозете на пилотот. Змејот со елерони не треба да биде со аеродинамични спојлери за пилотот, ниту други структури околу него освен везот и трапезот (рамката за управување) (FAI Класа 5).

Член 3

(1) Во воздушниот простор на Република Македонија со крила за слободно летање може да лета лице кое има дозвола за пилот на крила за слободно летање, издадена од Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија (во понатамошниот текст: Агенција).

(2) По исклучок од став (1) на овој член, со крила за слободно летање без дозвола која е издадена од Агенцијата може да летаат:

1. Ученик пилот;

2. Лице во својство на патник во тандем и

3. Лице кое има важечка дозвола за пилот на крила за слободно летање, која е издадена од страна на воздухопловните власти на странска држава или друго тело, кое е овластено по прописите на таа држава за издавање на таа дозвола.

Член 4

(1) При летање во тандем (параглајдер/змеј), во својство на патник, може да лета полнолетно лице доколку даде писмена согласност дека ги прифаќа ризиците на летот од став (3) на овој член.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, малолетно лице постаро од 10 години може да лета во тандем, во својство на патник, по претходна писмена согласност и присуство на најмалку еден родител или старател на полетувањето.

(3) Пред почетокот на лет со патник, тандем пилотот треба да го запознае патникот со ризиците на летот со тандем, опремата, процедурите за полетување, летање и слетување и со процедурите во вонредни ситуации.

Член 5

(1) Сопственикот, односно корисникот на крилото кој поседува важечка дозвола за пилот на крила за слободно летање може да го користи крилото доколку е впишано во Книгата за евиденција која ја води Агенцијата согласно Правилникот за начинот на водење на евиденција на воздухоплови кои не се по ICAO стандарди како и за аматерски градени воздухоплови и е во согласност со техничкото упатство за користење на крилото издадено од страна на производителот.

(2) Крилото може да се користи за:

1. Спортско (рекреативно) летање;
2. Натпревар;
3. Стручно оспособување;
4. Акробатско летање и
5. Тандем летање (летови со патник).

(3) Крилата кои се наменети за тандем летање треба да поседуваат потврда или сертификат од производителот или друга овластена организација со кои се потврдува дека се наменети за тандем летање и дека се во исправна техничка состојба.

(4) Во случај кога сопственикот или корисникот не го користи крилото подолго време, истото треба да го заштити така што да не биде под штетни влијанија од сонце, влага, испарување на хемиски средства, механички удари и друго, на начин утврден со упатството од став (1) на овој член.

Член 6

(1) Во текот на летањето со крило, пилотот и сопатникот треба да носат заштитни кациги кои се прицврстени за да не можат да отпаднат во каква било положба на главата или крилото за време на операциите.

(2) Со цел да се обезбеди заштита на очите, пилотот и сопатникот на крило без кабина или ветробран би требало да носат заштитни очила (или заштитен визир) прицврстени така да не можат да отпаднат во каква било положба на главата или крилото за време на операциите.

(3) Пилотот и сопатникот на крило во случај кога планираат да летаат над, езера треба да носат појас за спасување.

(4) Пилотот и сопатникот на крило без или со отворени кабини пред да се сместат во крилото треба да проверат дали сите делови од облеката и други помошни средства се прицврстени за нив така да не можат да отпаднат во каква било положба на крилото за време на операциите.

(5) При тандем летање пилотот и патникот треба да користат везови со потврда или сертификат од производителот или друга овластена организација.

Член 7

(1) При летање со крило пилотот треба да носи падобран за спасување, освен во случаи предвидени со програмата за почетна обука на пилоти на крила.

(2) Падобранот за спасување за крила наменети за тандем летање треба да има потврда или сертификат од производителот или друга овластена организација дека е сертифициран во распонот на килограми на крилото наменето за тандем летање.

Член 8

(1) Во текот на летањето со крило, пилотите освен опремата од членовите 6 и 7 на овој правилник треба да носат и:

1. Радиостаница, мобилен телефон или друго средство за комуникација по слетување;
2. Часовник и
3. Висинометар во случај кога планираат да вршат прелет.

(2) Во случај кога се лета со крило во термички услови, покрај опремата од став (1) на овој член, пилотот може да користи вариометар.

Член 9

(1) Пилотот не треба да лета со крило под дејство на алкохол, дрога и други психотропни супстанции.

(2) Пилот кој лета со крило во друга земја треба да ги познава прописите на земјата.

(3) Доколку пилот лета сам, треба да го придружува лице кое може да укаже помош, доколку е потребна.

Член 10

Летање со крила може да се врши од аеродроми, леталишта и терени кои се впишани во регистарот на аеродроми или леталишта, односно евиденцијата на терени на Агенцијата.

Член 11

За секој аеродром, леталиште или терен кои се евидентирани во Агенцијата и кои се користат за летање со крила, корисниците на крила изготвуваат упатство за користење одобрено од Агенцијата, каде се наведуваат податоци поврзани со класификација и конфигурација на теренот (полетно-слетни места, височина и правец, репери, препреки, растојанија и забранети зони, начин на координација со надлежната контрола на летање), критериуми за полетување и слетување, алтернативни леталишта и терени за слетување и други потребни информации за безбедно летање.

Член 12

(1) На местото за полетување и планираното место за слетување со крило, треба да има показател на правец и јачина на ветер согласно Правилникот за условите за безбедност на воздушниот сообраќај за користење на терен и за начинот и условите за одржување на леталишта.

(2) На место за платформа или стојалиште односно на земја, крилото треба да биде поставено и прицврстено така да не може да биде одувано од ветер и да не им смета на работата на другите крила.

(3) По слетување пилотот го трга крилото од местото за слетување и по потреба им го покажува правецот на ветерот на другите летала во воздух кои имаат намера да слетуваат доколку на местото на слетување нема показател на правец и јачина на ветер.

Член 13

(1) Пилотот не треба да полетува при брзини на ветер поголеми од 12 m/s за змеј и седум m/s за параглајдер.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, можно е полетување на поголема брзина на ветерот, при организирани летања доколку раководителот на летањето тоа го одобри согласно Правилникот за посебните услови, начинот и правилата за организирање на натпревари и Правилникот за услови и начин на организирање на воздухопловни манифестации.

Член 14

(1) Со крило може да се лета во следните случаи и тоа:

1. Само во визуелни метеоролошки услови (VMC) и по правилата за визуелно летање (VFR) во периодот од 30 минути пред изгревање на сонцето и 30 минути по заоѓање на сонцето;

2. Во неконтролиран воздушен простор објавен во Зборникот на воздухопловни информации (AIP);

3. Во зоната на аеродроми кои се наоѓаат во неконтролиран воздушен простор по претходно добиена согласност од операторот на аеродромот и

4. Дење, а по исклучок ноќе доколку:

- крилото е опремено со соодветни светла;

- пилотот има дозвола за пилот на крила и искуство од најмалку 100 часа налет на одредената класа, 20 часови налет на одредениот тип, да е запознат со местото од каде сака да полета и слета ноќе, и да има најмалку 10 полетувања и слетувања дење од истото место;

- постојат визуелни метеоролошки услови (VMC) и ветерот е послаб од пет m/s во текот на целиот лет;

- теренот за полетување и слетување е јасно осветлен такашто да се забележува на оддалеченост од 1500 m, а на местото за полетување и слетување да има лица за помош на земја со возила на располагање;

- пилотот да има двострана радиоврска со лица за помош на земја и

- го пријави ноќното летање на надлежната контрола на летање.

(2) Во контролиран воздушен простор може да се лета со крила само со одобрение од надлежната контрола на летање.

(3) Во одобрението од став (2) на овој член се специфицирани местото, времето, височината, ограничувањата и начинот на летање.

Член 15

(1) При користење на воздушниот простор пилотите треба да ги применуваат одредбите на Законот за воздухопловство, овој правилник, Уредбата за организација и користење на воздушниот простор и прифатените меѓународни стандарди.

(2) Пилотите своето летање го координираат со контролата на летање во зависност од воздушниот простор што го користат. Пилотите при своето летање се придржуваат на класификацијата на воздушниот простор, објавена во Зборникот на воздухопловните информации (AIP).

(3) Најавата на летање со крила се врши во надлежната контрола на летање 30 минути пред полетувањето, а одјавата на летање со крила се врши 30 минути по слетувањето.

Член 16

(1) Со крило не може да се лета на височина под 50 m (150 ft) над група луѓе, мостови, автопати, далноводи, жичари, железнички пруги, антени и слични објекти.

(2) Со крило не може да се лета над населени места, индустриски зони, забранети зони и воени зони, освен по претходно јасно дефиниран коридор на летање и терен за слетување одобрени од Агенцијата односно Министерство за одбрана за воени зони.

Член 17

(1) Со крило не може да се лета во следните случаи и тоа:

1. Во ротори, силни турбуленции или други неповолни метеоролошки услови, освен во случаи на прифатливи термички турбуленции;

2. Во облаци, за време на магла или врнежи;

3. На вертикална оддалеченост под базата на облакот помала од 150 m, односно 300 m над облакот, додека стрничната оддалеченост не може да биде помала од 300 m од страна на облакот;

4. Во термички столб во случај кога се врши стручно оспособување на кандидат во кој вертикалното дигање е поголемо од четри m/s

5. Под мостови, далноводи, антени и слични објекти и

6. Без присуство на овластен инструктор кој ја спроведува обуката на стартот за полетување и/или на теренот за слетување кога се работи за летање на ученик пилот.

(2) Доколку во близина на облакот настане нагорно струење поголемо од четри m/s пилотот треба да го напушти дигањето.

Член 18

(1) Пред почетокот на ракувањето на земја со крило во смисла на растоварување, товарење, склопување, расклопување, проби, пилотот треба да одржи брифинг на лицата кои му помагаат, упатувајќи ги како треба да работат и помагаат.

(2) Доколку крилото се транспортира со возило или друг превоз треба да биде организирано, сместено и прицврстено така да не се оштетува за време на транспортот, товарањето и растоварањето.

Член 19

(1) Полетување со крило може да се врши доколку воздушниот простор околу стартното место е слободен.

(2) Временското растојание помеѓу две полетувања на една иста полетна патека го одредува раководителот на летањето.

(3) Пилотот може да отпочне со извршување на летот доколку пред полетувањето изврши подготовка за летот во рамките на која треба да:

- ги провери исправите, книгите и други потребни документи;
- прибави податоци и ја утврди задачата на летот;
- изврши потребна навигациска подготовка во зависност од планираниот лет;
- ја провери полетната патека, маневарските површини и местото за полетување;
- ги провери податоците за местото за слетување;
- ја провери метеоролошката состојба и прогнозата долж рутата;
- ја провери исправноста на крилото и опремата;
- изврши лична подготовка;
- ги разработи постапките за во случај на нередовни и вонредни ситуации (а по потреба и редовните постапки);
- ги предвиди и провери алтернативните места за слетување, особено најблиските;
- одржи состанок со лицата што пружаат помош, вршат асистенција при полетувањето или на друг начин го опслужуваат крилото;
- го подготви патникот (состанок на патникот) за сместувањето во крило, однесувањето и постапки кој патникот треба да ги стори во случај на вонредна ситуација;
- провери дали е безбедно сместен и/или прикачен за крилото;
- се координира со службата за контрола на летањето во зависност од просторот кој го користи за летање и
- пошироко го провери теренот за полетување односно слетување доколку полетува односно слетува вонтеренски.

(4) Одредени работи од подготовката на летот пилотот може да ги довери на други стручни лица.

(5) Во текот на стручното оспособување, подготовката на летот ја врши инструкторот.

Член 20

(1) Ако две крила летаат на иста височина еден према друг, двете крила треба да свртат десно, така што меѓусебното растојание да изнесува најмалку 20 m.

(2) Ако две крила летаат на иста височина еден спрема друг, а од страна имаат падина, првенство има крилото на кое падината му е од десната страна.

(3) Крилото на кое падината му е од левата страна треба да сврти во десно од падината така што ќе обезбеди растојание од другото крило од најмалку 20m.

Член 21

(1) Ако патеките на летот на две крила се вкрстуваат под агол од 70 до 160 степени, првенство има крилото што доаѓа од десната страна.

(2) Крилото што нема првенство при вкрстување со друго крило, треба да сврти на десно и да го пропушти крилото кое има предност на растојание од најмалку 20 m.

Член 22

(1) При претекнување на крила првенство има крилото кое лета побавно.

(2) Кога крило кое лета со поголема брзина, на приближно еднаква височина, наиде на крило кое лета во истиот правец со помала брзина, може да го претекне така што ќе обезбеди растојание меѓу нив од најмалку 20 m.

(3) Не може да се претекнува друго крило во близина на падина ако падината им се наоѓа од десната страна во однос на правецот на летање.

(4) Во случај кога падината се наоѓа од левата страна во однос на правецот на летање, може да се претекнува така што крилото што лета со поголема брзина треба да претекнува крилото со помала брзина од десната страна.

Член 23

(1) Ако повеќе крила летаат во ист термички столб, првенство има крилото што прво започнало да кружи.

(2) Крилата кои се вклучуваат во ист термички столб треба да кружат во истиот правец во кој кружи првото крило, така што меѓусебно да се видливи.

Член 24

(1) Кога повеќе крила слетуваат истовремено или во краток временски интервал, првенство има крилото што лета на помала височина, освен ако друго крило е во фаза на финален долет или се наоѓа во опасност.

(2) По слетувањето, крилото треба веднаш и по најкус пат да ја напушти слетната патека.

(3) Евентуалните потенцијални опасности за летањето што ги забележал во текот на летот, пилотот треба, во најкраток рок, да ги пријави на другите учесници во летањето, производителот на крилото, Воздухопловната федерација на Република Македонија и до Агенцијата.

Член 25

(1) Ако полетувањето на крило се врши со влечење со моторно возило, вител, аерозапрега или друго средство или уред за влечење, влечењето може да го врши лице кое има дозвола за пилот на крило со соодветно овластување за влечење.

(2) Пилотите на крилата од став (1) на овој член треба да имаат дозвола за пилот на крило со соодветно овластување за влечење.

Член 26

(1) Акробатско летање може да се врши само со крило што е наменето и испитано за такво летање и ако тоа е дозволено во упатството за употреба издадено од производителот на крилото.

(2) Акробатски летања со крило може да вршат на височина помала од 150 метри по претходно одобрение од Агенцијата.

(3) Не треба да се врши акробатско летање над собир на луѓе, населени места, автопати, железници, индустриски објекти, жичари, далноводи и други објекти освен по предходно јасно дефиниран коридор на летање и терен за слетување одобрени од Агенцијата.

Член 27

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на летање и користење на змаевите, тврдокрилците и параглајдерите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 12/96).

Член 28

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 мај 2017 година.

Бр. 10-954/3
13 декември 2016 година
Скопје

Директор на Агенција
за цивилно воздухопловство,
Горан Јандреоски, с.р.

4794.

Врз основа на член 113 ставови (1) и (4), член 114 став (2) и член 122 ставови (6) и (7) од Законот за воздухопловството („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ГРАДБА, УТВРДУВАЊЕ НА ПЛОВИДБЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА КРИЛАТА ЗА СЛОБОДНО ЛЕТАЊЕ

I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат посебните услови за проектирање, градба и измена на крилата за слободно летање (змејови, параглајдери и друго), техничка контрола на градбата и изработка на техничко-технолошката документација за градба и измени, формата, содржината, евиденцијата и начинот, издавање, продолжување, обновување и промена на уверението за работа, начинот на одржување, техничката контрола на одржувањето и изработката на техничко-технолошката

документација за одржувањето и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење, формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверението за работа.

Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. "Аеродинамичка купола" е дел од крило за слободно летање со носечка аеродинамичка површина кое во својата конструкција нема крути делови.

2. "Вез" е систем на ремени што служи за прикачување на пилотот на крилата.

3. "Стварна (фактичка) брзина низ воздух (TAS)" е брзината на воздухоплов во однос на мирниот воздух.

4. "Калибрирана брзина низ воздух" е брзина еквивалентна на TAS во услови на стандардна атмосфера и на ниво на море.

5. "Употребна дозвола (Operational Permition)" е документ со кој се потврдува пловидбеност на крилата. Тоа е документ еквивалентен на уверение за пловидбеност.

6. "Самостоен налет" е времето на летање во кое ученикот е единственото лице во крилото.

7. "Крила за слободно летање (FAI Hang gliders (Vol Libre))" се воздухоплови од посебна категорија со едноставна конструкција, без мотор, со кои пилотот управува со помош на подвижни аеродинамични површини околу две до три оски, со промена на положбата на тежиштето и/или со команди на излезните краеви од крилата и/или со комбинација и за кои не се бара сообразност (освен за сериско производство). Крилата за слободно летање можат да бидат едноседи или двоседи и се делат на класа змејови без мотор и класа параглајдери.

8. "Змеј (Делтаплан)" е крило кое има полукрута примарна структура, кое се управува со преместување на тежината на пилотот, може безбедно да полета и слета во услови без ветер само со силата и употребата на нозете на пилотот. Змејот може да има додатоци за управување што влијаат на штелувањето (trim) и/или отпорот на воздухот ако истите функционираат симетрично или сразмерно (FAI Класа 1).

9. "Тврдокрилец (Змеј кормилар)" е змеј што има крута примарна структура и се управува со помош на подвижните аеродинамички површини околу најмалку две оски, може (или не може) безбедно да полета и слета во услови без ветер само со силата и употребата на нозете на пилотот (FAI Класа 2).

10. "Параглајдер" е крило без крута конструкција кое се управува аеродимамички околу трите оски со команди поврзани со излезните краеви од крилата и поместување на телото лево, десно, напред и назад (FAI Класа 3).

11. "Ветерко" е крило што не може безбедно да полета и/или слета во услови без ветер, но кое полетува и слетува само со силата и употребата на нозете на пилотот (FAI Класа 4).

12. "Змеј со елерони (Елеронец)" е змеј што има крута примарна структура и подвижни аеродинамични површини како примарен метод за управување околу надолжната оска и безбедно полетува и слетува во услови без ветер само со силата и употребата на нозете на пилотот. Змејот со елерони не треба да биде со аеродинамични спојлери за пилотот, ниту други структури околу него освен везот и трапезот (рамката за управување) (FAI Класа 5).

(2) Одделни кратенки употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) MTOM (Maximum take-off mass) е максимална маса при полетување.

2) Vso (Stall Speed) е брзина на превлекување.

3) CAS (Calibrated airspeed) е калибрирана воздушна брзина.

4) PPL (Privat Pilot License) е дозвола на спортски пилот.

5) CPL (Comercial Pilot License) е дозвола на професионален пилот.

6) AMSL (Above mean see level) е средна надморска височина.

7) TAS (True airspeed) е стварна (фактичка) брзина низ воздух.

II. Посебни услови за проектирање, градба и измена на крило

Член 3

(1) Проектирање и градба на крила за слободно летање (во понатамошниот текст: крила) можат да вршат правни лица кои поседуват уверение за работа издадено од Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенција).

(2) Аматерско проектирање и градба на крила може да врши физичко лице согласно член 114 став (1) од Законот за воздухопловство.

(3) Проектирањето и градбата на крилата се врши според техничките услови и одобрената техничко-технолошка документација за утврден тип и модел на крила.

Член 4

(1) Градбата на крила може да биде сериска или аматерска.

(2) Сериска градба е градба на крила или нивни делови кои имаат утврден тип и модел.

(3) Аматерска градба е градба на крила за сопствени потреби на самиот производител, по правило без утврден тип и модел. За аматерска градба се смета градба од едно до пет крила.

Член 5

(1) Секој тип на крило треба да биде конструирано така што пилотот може лесно да го управува сам по правец и висина.

(2) Крилото треба да биде стабилно, управливо и со цврстина која овозможува безбедно летање.

(3) Крилата треба да бидат изработени така да можат да го издржат влијанието на силите кои делуваат во текот на летот, а при тоа да не се оштетуваат.

Член 6

(1) Крилата се произведуваат како комплетни или во делови.

(2) Крилата што се произведуваат во делови како модуларни конструкции можат да се комплетираат според желбата на сопственикот/корисникот од делови што ги утврдил производителот.

(3) Крилото може да биде составено од компоненти на различни производители доколку производителот тоа го дозволува.

(4) Крилото од став (3) на овој член треба да биде склопено во согласност со упатствата и техничките ограничувања дадени од страна на производителот.

Член 7

(1) Првото произведено крило или аматерски произведеното крило имаат статус на прототип. За да може да отпочне со пробни летови, крилото треба да се испита на земја и во воздух.

(2) Испитување на прототип на крило се врши на најмалку две крила, а бројот на летовите се утврдува во зависност од карактеристиките на крилото што треба да се испитува.

(3) При сериско производство на крила, испитување на прототип се врши со најмалку 5% од крилата произведени во една серија заради утврдување дали се исполнети условите од член 5 на овој правилник.

(4) Испитувањето на прототипот го врши производител или овластено лице за вршење на технички преглед на крила кое ги исполнува условите во поглед на просторот, опременоста со технички средства, стручниот персонал и оперативно техничките постапки согласно член 21 став (2) на овој правилник.

(5) Испитувањето на прототипот на земја и во воздух се изведува согласно планот и програмата за производство на крилото, како и упатството на производителот, кои треба да бидат одобрени од Агенцијата.

(6) Испитувањето на прототипот на земја опфаќа: проверка на надворешниот изглед, контрола на димензиите, проверка на квалитетот на изработката на крилото, проверка на тежината на крилото и на начинот и условите за користење, погодност за наместување на телото и ракување со крилото, функција на деловите, компонентите и целото крило, како и визуелна проверка на крилото по испитувањето во воздух.

(7) Испитувањето на прототипот во воздух се врши преку спроведување на пробни летови во границите на пропишаните метеоролошки услови од страна на инструктор по летање на крило, кој има најмалку 200 часа самостојно летање на одреден вид на крило.

(8) По успешно извршеното испитување на прототипот, лицето од став (4) на овој член издава извештај со кој се утврдува дали крилото ги задоволува пропишаните технички барања и дали е способно за безбедно летање.

(9) Доколку со испитувањето е утврдено дека прототипот ги задоволува пропишаните технички барања и е способен за безбедно летање, Агенцијата врз основа на извештајот од став (8) на овој член издава уверение за тип на крило доколку истото е наменето да се произведува за сериска градба.

Член 8

Пред почетокот на аматерската градба на крила, производителот доставува до Агенцијата:

- проект за крилата кој содржи цртеж во три проекции, опис и основни податоци за крилата, опис на системите за стабилност и управување, структура и опрема, пресметка на носивоста и оптоварувањата, пресметка на перформансите, податоците за тежините, положбата на центарот на тежиштето и балансот,

- краток опис на предвидената технологија на градбата и список на материјалите, деловите, споевите помеѓу деловите, системите и опремата која ќе биде вградена во крилата и нивно потекло;

- податоци за производителот, дизајнерот и конструкторот;

- податоци за местото каде ќе се градат крилата, алатите, опремата, како и предвиденото време за градба и

- предлог за контролор на градба и негова писмена согласност.

Член 9

Крилата може да се градат аматерски:

- според сопствени цртежи и пресметки;

- според готови цртежи;

- со склопување на готови делови според упатството на производителот (Кит);

- со доработка и склопување на недовршени делови според упатството на производителот;

- со склопување на различни готови делови по сопствени цртежи или

- комбинирано со начините на градба од алинеите 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член.

Член 10

(1) Производителот на крило треба за време на градбата на крила да води книга на градба.

(2) Во книгата на градба од став (1) на овој член се внесуваат:

- скиците, мерките, видовите на материјалите и датумот на изработката на деловите и на потсклоповите на крилото, резултатите од извршените испитувања и други поважни забележувања;

- податоци за употребените алати и технологијата која се користи;

- проверките кои се прават и мерните инструменти кои се користат при градбата на крилото;

- примената на плановите односно евентуалните промени и забелешки;

- забележувања на воздухолповното стручно лице за градба;

- скиците и постапките на изработката и мерките на изградените главни склопови и

- други податоци кои се суштински за градбата на крилото.

(3) Производителот на крило, пред да ги склопи деловите, кои подоцна не може да се проверат при контрола, треба да го извести контролорот на градбата за потребата од контрола на градбата.

(4) Податоците од став (2) на овој член се составен дел од извештајот од член 11 став (2) алинеја 7 на овој правилник.

Член 11

(1) Во текот на градбата на крила производителот треба да определи контролор на градба.

(2) Контролорот на градбата треба да:

- ја контролира градбата на крилата во поглед на правилна употреба на материјалите и правилна примена на технолошките постапки;

- ја контролира книгата на градба и податоците во сите фази на градбата и ја заверува;

- дава упатства и стручна помош на градителот;

- дава писмено мислење за намената на тоа крило и помага во подготовката на упатствата за експлоатација и одржување;

- дава писмено мислење за евентуалните забелешки во текот на градбата;

- повикува лица за стручна помош по потреба и

- учествува во испитувањето на граденото крило и дава писмен извештај на производителот.

Член 12

(1) По завршеното производство на крилата, производителот издава упатство за користење и одржување кое содржи:

- општи технички податоци за крилата: должина, ширина, височина, маса, основни податоци за деловите, опремата, опис на системите и др.;

- начин на склопување, расклопување, транспортирање, и чување на крилото;

- експлоатација: намена, перформанси, начин на управување (техника на пилотирање), редовни постапки, нередовни постапки, вонредни постапки, оперативни ограничувања, метеоролошки ограничувања, експлоатација на опремата и др.;

- листа за претполетен преглед;

- летачки способности на пилотот;

- контролни листи за компонентите и материјалите на крилото;

- програма и систем за одржување на крилото;

- безбедносни информации;

- препораки;

- начин на одржување на крилото;

- ограничувања при користење на крилото и

- други податоци за крилото.

(2) Крилото и опремата се користат во согласност со упатството за користење и одржување на производителот и во согласност со употребната дозвола.

Член 13

(1) На секое крило треба да има информативна ознака, поставена на видливо место, со големина најмалку 12x13 cm каде на македонски и англиски јазик со црвени букви пишува:

„ОВОЈ ВОЗДУХОПЛОВ НЕМА ПЛОВИДБЕНОСТ ПО СТАНДАРДИТЕ НА ICAO, ЛЕТАТЕ НА СОПСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ !

THIS AIRCRAFT HAS NO AIRWORTHINESS ACCORDING TO ICAO STANDARDS, FLYING IS ON YOUR OWN RESPONSIBILITY!"

(2) Доколку крилото е аматерска градба, над текстот од став (1) на овој член треба да пишува:

„АМАТЕРСКА ГРАДБА!
AMATEUR BUILD!"

Член 14

(1) Крило може да се употребува за летање доколку има употребна дозвола.

(2) Употребната дозвола се издава при воведувањето на крилото во експлоатација.

(3) Употребната дозвола се издава од страна на Агенцијата по добиено барање од сопственикот, односно корисникот на крилото кон кое се поднесува следната документација:

- документација за крила согласно став (5) на овој член;
- резултати од техничкиот преглед извршен со цел издавање на употребна дозвола;
- упатствата за експлоатација и одржување и
- книшка на крилото.

(4) Во случај кога е поднесено барање за издавање на употребна дозвола за крилата кои имаат употребна дозвола или еквивалентен документ издаден од друга држава, се постапува согласно член 18 на овој правилник.

(5) Документацијата од став (3) алинеја 1 на овој член опфаќа: декларација од производителот, извадоци од техничката документација во кои е наведено дека крилото или другите делови се наменети или прилагодени за летање со крила, или сертификати за крилата или за неговите делови или уверение за тип или друг документ кој потврдува дека крилото сериски се произведува или легално се користи во земјата на производство.

(6) Во случај кога барателот за купеното крило или одредени делови за крила не поседува документација согласно став (3) на овој член, истиот поднесува до Агенцијата документација како за аматерска градба на крила.

Член 15

(1) Употребна дозвола за аматерски градено крило се издава врз основа на писмено барање кое барателот го поднесува до Агенцијата и кон кое ја приложува следната документација:

- книга на градба;
- извештај од контролорот на градбата;
- документ со податоци за лицето кое ќе врши испитување во лет како и негова писмена согласност;
- доказ за извршен технички преглед на аматерската градба на земја и
- доказ за спроведени испитувања во лет, летови со основни маневри и најмалку десет часа летање и 30 полетувања и слетувања; летови со максимална и минимална брзина за сите одредени конфигурации, летови во услови на максимална и минимална оптовареност во различни режими на летање; полетување и слетување; летови во различни метеоролошки услови; други маневри во зависност од упатството и намената на крилата.

(2) Техничкиот преглед од став (1) на овој член го вршат лица овластени за технички преглед и кои за спроведениот преглед, доставуваат писмен извештај до Агенцијата.

(3) Врз основа на документите од став (1) на овој член се издава употребна дозвола за крило во која се наведува дека се работи за аматерска градба.

(4) За аматерската градба, дополнителните испитувања се спроведуваат само за првото крило од исти тип, односно првото увезено крило.

Член 16

(1) Техничкиот преглед на крилото се состои од:

- преглед на документацијата;
- преглед и проби на крилото на земја и
- преглед и проби на крилото во воздух.

(2) Прегледите и пробите од став (1) на овој член се вршат по однапред утврдена постапка и листи за проверка на крилото.

(3) Пробата на крило во лет може да ја врши и сопственикот по барање и во присуство на овластените лица за технички преглед.

(4) Сопственикот на крилото и лицето кое врши проби во лет, склучуваат писмена спогодба за евентуалните штети на крилото или лицето, што би можеле да настанат за време на пробните летови.

Член 17

(1) Важноста на употребната дозвола на крило се издава за период од две години.

(2) За крило кое нема комплетна документација или не ги исполнува потребните услови за употребна дозвола или е експериментално крило, а може безбедно да лета, може да му се издаде употребна дозвола со определено ограничување.

(3) Ограничувањето од став (2) на овој член го утврдува овластеното лице кое го врши техничкиот преглед и истото се означува во употребната дозвола, а се опишува во извештајот на лицето кое го направил пробниот лет на крилото.

Член 18

(1) Продолжување на важноста на употребната дозвола се врши на барање на сопственикот, односно корисникот на крилото по претходно извршен преглед на:

- важечката употребна дозвола, издадена од Агенцијата или од друга држава;
- резултатите од извршениот технички преглед на крилото;
- упатствата за користење и одржување на крилото и
- книшката за летање со крилото.

(2) Барањето за продолжување на важноста на употребната дозвола се поднесува најмалку 30 дена пред истекот на нејзината важност.

III. Посебни услови за одржување и техничка контрола на одржувањето

Член 19

(1) Крилото и неговите делови се одржуваат во согласност со техничкото упатство за одржување, што го издава производителот на крилото.

(2) Исправноста на крилото се утврдува со технички преглед.

(3) Техничкиот преглед од став (2) на овој член може да биде: основен, редовен и вонреден.

(4) Технички преглед на крило може да врши правно лице кое поседува уверение за работа за одржување и техничка контрола на одржувањето на крилата.

(5) Техничкиот преглед се состои од визуелен преглед и преглед за испитување на материјалите.

Член 20

(1) Доколку крилото претрпе поголемо оштетување, сопственикот треба да го пријави оштетувањето до Агенцијата. По поправката се врши вонреден технички преглед.

(2) Во случај на измени на крилата кои влијаат на аеродинамичките својства или структурални промени, сопствениците на крилата треба да ги пријават до Агенцијата.

(3) За било какви измени на крилата претходно треба да се направи проценка на безбедноста по тие измени.

(4) По извршените поправки или измени, овластеното лице за вршење на технички преглед врши преглед на документацијата, преглед на крилото на земја и во воздух и утврдува дали крилото е исправно за летање, по што се продолжува со експлоатација на крилото. Техничкиот преглед се запишува во книшката на крилото.

IV. Форма, содржина, евиденција и начин на издавање, продолжување, обновување и промена на уверението за работа за проектирање, градба и измена на крила и уверението за работа за одржување и техничка контрола на одржувањето на крила

Член 21

(1) За издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за работа за проектирање, градба и измена на крилото, правното лице од член 3 став (1) на овој правилник поднесува барање до Агенцијата со кое се приложува:

- техничко-технолошка документација за проектирање, градба и измена на крила која содржи цртеж во три проекции, опис и основните податоци за крилото, опис на системите за стабилност и управување, пресметка на носивоста и оптоварувањата, пресметка на перформансите, податоците за тежините, положбата на центарот на тежиштето и балансот,
- список на материјалите, опис на предвидената технологија на градбата, опис на основните компоненти, споевите меѓу компонентите, системите за врски и опремата која ќе биде вградена и нивно потекло;
- податоци за производителот, местото, алатите, опремата, како и предвиденото време за градба;
- предлог за контролор на градба и негова писмена согласност.

(2) За издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за работа за одржување и техничка контрола на одржувањето на крило, правното лице поднесува барање до Агенцијата со кое се приложува:

- техничко-технолошка документација за одржување и техничка контрола на одржувањето на крила која содржи цртеж во три проекции, опис и основните податоци за крилото, опис на системите за стабилност и управување, пресметка на носивоста и оптоварувањата, пресметка на перформансите, податоците за тежините, положбата на центарот на тежиштето и балансот,

- список на материјалите, опис на предвидената технологија и методологија на одржувањето и техничката контрола на одржувањето на крилото, опис на различните делови и системи на крилото, опремата која ќе биде користена и најзиното потекло;

- податоци за производителот, местото, алатите, опремата, како и предвиденото време за градба;

- предлог за контролор на одржувањето и негова писмена согласност.

(3) Барањето за продолжување на уверението за работа се поднесува најмалку 30 дена пред истекот на важноста на уверението, а за обновување најдоцна 30 дена по истекот на важноста на уверението.

(4) Доколку производителот, односно одржувачот на крила не поднесе барање за продолжување или обновување на соодветното уверение за работа во роковите утврдени во став (3) на овој член, уверението престанува да важи.

Член 22

(1) По приемот на барањето од член 21 на овој правилник, се врши проверка дали е уплатена административна такса и надоместокот за издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за работа согласно Тарифникот на Агенцијата. Агенцијата врши проверка на приложената документација, како и оперативна проверка со цел да се утврди дали правното, односно физичкото лице ги исполнува условите и техничките можности за проектирање, градба и измена на крилото одржување и техничка контрола на одржувањето на крило.

(2) При извршување на проверките од став (1) на овој член се користат листи за проверки претходно изготвени согласно документацијата и податоците кои се проверуваат.

(3) Доколку со проверките од став (1) на овој член се утврди дека правното лице ги исполнува условите за проектирање, градба и измена, одржување и техничка контрола на одржувањето на крило Агенцијата издава решение за издавање, продолжување, обновување или промена на соодветното уверението кое заедно со уверението за работа му се доставуваат на барателот.

(4) Доколку се утврди дека правното лице не ги исполнува условите за проектирање, градба и измена, одржување и техничка контрола на одржувањето на крило Агенцијата ќе го одбие барањето за издавање, продолжување, обновување или промена на соодветното уверение за работа со решение кое ги содржи причините за одбивањето.

Член 23

(1) На правното лице, уверението за проектирање, градба и измена на крила му се издава на образец во А4 формат, на хартија, во бела боја.

(2) Формата и содржината на уверението од став (1) на овој правилник е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(3) На правното лице, уверението за одржување и техничка контрола на одржувањето на крила му се издава на образец во А4 формат, на хартија, во бела боја.

(4) Формата и содржината на уверението од став (3) на овој правилник е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

(5) Уверенијата за работа од член 21 на овој правилник се издаваат со рок на важење од две години.

(6) За издадените уверенија за работа се води евиденција во Агенцијата.

(7) Евиденцијата од став (6) на овој член содржи податоци за работата на производителот, односно одржувачот на крила кој врши проектирање, градба и измена на крила, одржување и техничка контрола на одржувањето, како и контакт телефони и адреси на одговорните лица.

V. Преодни и завршни одредби

Член 24

Крилата кои се користат во Република Македонија треба да се усогласат со одредбите на овој правилник во рок од две години од денот на отпочнување со примена на овој правилник.

Член 25

Со денот на отпочнување на примената на овој правилник престанува да се применува Правилникот за аматерско градење на воздухоплови („Службен лист на СФРЈ“ бр. 19/82).

Член 26

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 мај 2017 година.

Бр. 10-954/4
13 декември 2016 година
Скопје

Директор на Агенција
за цивилно воздухопловство,
Горан Јандреоски, с.р.

ПРИЛОГ 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

REPUBLIC OF MACEDONIA

CIVIL AVIATION AGENCY

УВЕРЕНИЕ ЗА РАБОТА

APPROVAL CERTIFICATE

Ова уверение му се издава на/ *This certificate is issued to*:

Адреса/*Address*:

Број/ *Number:*

Агенцијата за цивилно воздухопловство потврдува дека горенаведеното правно лице ги исполнува условите пропишани со Правилникот за посебните услови за градба и одржување на крила за слободно летање кои се однесуваат на проектирање, градба и измена на крила за слободно летање, техничка контрола на градбата и изработка на техничко-технолошката документација за градба и измена на крила за слободно летање.

The Civil Aviation Agency confirms that the above named legal entity with the requirements prescribed in Regulation on special requirements on construction and maintenance of hang glider for design, construction and modification of hang glider, the technical control of the construction and preparation of technical documentation regarding the construction and modification.

Ова уверение, освен ако не биде суспендирано или повлечено, ќе остане во сила до:
This certificate, unless suspended or revoked, shall continue in effect until:

Датум на издавање/*Date of issue:* Потпис/ *Signature:*

Важи од/*Effective date:* Директор/*Director General*

ПРИЛОГ 2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
REPUBLIC OF MACEDONIA
CIVIL AVIATION AGENCY

УВЕРЕНИЕ ЗА РАБОТА
APPROVAL CERTIFICATE

Ова уверение му се издава на/ *This certificate is issued to*:

Адреса/*Address:*

Број/ *Number:*

Агенцијата за цивилно воздухопловство потврдува дека горенаведеното правно лице ги исполнува условите пропишани со Правилникот за посебните услови за градба и одржување на крила за слободно летање кои се однесуваат на одржување, техничката контрола на одржувањето и изработката на техничко-технолошката документација за одржувањето.

The Civil Aviation Agency confirms that the above named legal entity with the requirements prescribed in Regulation on special requirements on construction and maintenance of hang gliders for maintenance and technical control of the maintenance, as well as the preparation of maintenance technical and technological documentation..

Ова уверение, освен ако не биде суспендирано или повлечено, ќе остане во сила до:
This certificate, unless suspended or revoked, shall continue in effect until:

Датум на издавање/*Date of issue:* Потпис/ *Signature:*

Важи од/*Effective date:* Директор/*Director General*

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

4795.

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), Министерството за труд и социјална политика

О Б Ј А В У В А

1. Стапката на трошоците на живот за месец ноември 2016 година, во однос на месец октомври 2016 година, е пониска за 0,2%.

2. Исплатата на платите за месец ноември 2016 година, во однос на месец октомври 2016 година, работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,

д-р **Фросина Ташевска Ременски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Лука Кржалоски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622

2016217